**ГД-ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ГД-ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
# ЗА 2022 ГОДИНА

# В О В Е Д

Содржината на извештајот за работењето на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци е анализа на целокупното производствено и финансово работење, како и резултатите од тоа работење остварени во текот на деловната 2022 година.

Преку овој годишен извештај за работата на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци ќе ги запознаеме Управниот и Надзорниот одбор и Годишното Собрание на акционери со оствареniот физички обем на производството како и со постигнатиот финансиски резултат во текот на 2022 година.

Поради подобра прегледност на работата во 2022 година овој извештај во својата содржина ќе ги содржи следните делови:

I. ОПШТ ДЕЛ
II. ОСНОВНИ КАПАЦИТЕТИ
III.ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

## I.ОПШТ ДЕЛ
## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ДРУШТВОТО

ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци е друштво од обласата на земјоделството со основна примарна дејност производство на храна и суровини за преработувачката индустрија.

ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци се занимава со следните дејности:

- Производство на грозје и овошје;
- Промет со своите производи.

Целокупната дејност ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци ја извршува преку своите производни работни единици и тоа:

- Работна единица ЉУБАШ
- Работна единица ШАМАЦИ
- Работна единица ЕДИНСТВО
- Работна единица РАЕЦ.

ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци располага со 844,9 ха производна површина од која со лозја на род во 2022 год. се 677,6 ха, насади со праски 26 ха, матичњак 3 ха, површина за садење 15 ха, инвестиција втора година 25 ха и останатите површини се останати под угар.

| | |
|---|---|
| **1.АСТАЛСКИ СОРТИ** | **202,5 ха** |
| **2.ВИНСКИ СОРТИ** | **475,1 ха** |
| 3.НАСАДИ СО ПРАСКИ | 26 ха |
| 4.МАТИЧЊАК | 3 ха |
| 5.ИНВЕСТИЦИЈА ВТОРА ГОДИНА | 25 ха |
| 6.ЗА САДЕЊЕ | 15 ха |
| 5.УГАР | 98,3 ха |
| **СЕ ВКУПНО** | **844,9 ха** |

## II.ОСНОВНИ КАПАЦИТЕТИ

**- ОБРАБОТЛИВО ЗЕМЈИШТЕ 844,9 ха**

**- СТРУКТУРА НА СТАЛНО ВРАБОТЕНИТЕ**

Во 2022 година просечниот број на вработени во ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци е 108 со следниот степен на образование:

- ВСС 21
- ВШС 2
- ССС 66
- Основно образование 19

**- МЕХАНИЗАЦИЈА**

- Трактори 29 бр.
- Приколици 30 бр.
- Атомизери 33 бр.
- Ѓубрерастурачи 8 бр.
- Виљушкар 4 бр.
- Мулчер 4 бр.

- Транспортни средства
  - Автобуси 3 бр.
  - Патнички коли 10 бр.
  - Комбиња 2 бр.

**- ПОТРОШУВАЧКА НА ПОВАЖНИ МАТЕРИЈАЛИ**

| **Вид на материјал** | **Вредност (ден.)** |
|---|---|
| Семенски материјал<br>- пченица<br>- јачмен<br>- пченка | <br>-<br>171.428,00<br>- |
| Минерални ѓубрива | 9.030.730,00 |
| Средства за заштита | 18.036.084,00 |
| Нафта | 9.766.576,00 |
| Бензин | 188.973,00 |
| Плин | 116.264,00 |

## III.ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

**Ф И Н А Н С О В И   П О К А З А Т Е Л И**
**На ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци во 2022 год.**

| ЕЛЕМЕНТИ | ИЗНОС ВО ИЛЈАДИ ДЕНАРИ |
|---|---|
| 1. Оперативни расходи<br>2. Амортизација<br>3.Трошоци за вработени<br>4. Набавна вредност на продадени стоки<br>5. Камата и курсни разлики<br>6.Промена на залихи | 113.470<br>22.101<br>59.071<br>8.149<br>1.712<br>4.390 |
| 7. Вкупно расходи | 200.113 |
| 8. Вкупен приход | 202.290 |
| **10.Добивка пред оданочување** | **2.177** |
| **11.Данок од добивка** | **135** |

Просечен нето личен доход по вработен - 27.638,00 ден.
Просечен бруто личен доход по вработен - 41.345,00 ден.
Просечен број на работници - 108

Во 2022 год. вкупниот планиран приход е 144.234.700,00 ден.
Во 2022 год. вкупниот остварен приход е 202.290.232,00 ден.

Во согласност со законските прописи и одредбите од Статутот на друштвото Управниот одбор на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци во 2022 год. се состана пет пати и притоа беа донесени следните поважни одлуки:

1. Одлука за резултатите од пописот со состојба на ден 31.12.2021 година;
2. Одлука за вишок, мањак и расход;
3. Одлука за усвојување на производно-финансовиот план за 2022 година;
4. Одлука за свикување на Годишно Собрание на акционери на друштвото;
5. Одлука за продажба на патничко моторно возило марка JEEP;
6. Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во 2021 година и разгледување на ревизорскиот извештај на друштвото за деловната 2021 година;
7. Одлука за усвојување на консолидираната ревидирана годишна сметка на друштвото за деловната 2021 година;
8. Одлука за набавка на машина за формирање на поцинковани колци;
9. Одлука за набавка на компјутер;
10. Одлука за продажба на трактори MASEJ FERGUSON;
11. Одлука за стимулација на резидба 2022/2023 година;
12. Одлука за крчење на лозов насад;
13. Одлука за одредување на висината на касовиот максимум за 2023 година;
14. Одлука за формирање на пописни комисии за 2022 година;
15. Одлука за продажба на основно стадо од 300 овци;
16. Одлука за службено патување во странство;
17. Одлука за утврдување на висината на регресот за 2022 год.

На сите состаноци на Управниот одбор присуствуваше и Претседателот на Надзорниот одбор и при тоа Надзорниот одбор на друштвото секогаш беше запознат со работата на членовите на Управниот одбор.

Во согласност со законските прописи и одредбите од Статутот на друштвото Надзорниот одбор на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци во 2022 год. се состана три пати и притоа беа донесени одлуки кои беа во врска со одлуките на Управниот одбор и исто така претставуваа одобрување на голем број одлуки на Управниот одбор на друштвото и беа од големо значење за успешното работење на друштвото во 2022 година.